| Јакнење на свеста кај учениците и вработените за важноста на хигиената во училиштето | Организирање на едукативни кампањи за важноста на хигиената преку работилници, креирање на флаери и постери и часови на тема лична и колективна хигиена | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | Наставници<br><br>Стручни соработници<br><br>Ученици<br><br>родители | Подготвени работилници<br><br>Комјутер<br><br>Хартија<br><br>Финансиски средства за печатење на постери | Флаери<br><br>Постери<br><br>Списоци од присуства на работилници<br><br>Записници од реализирани подготвителни активности<br><br>Анкетни прашалници | Ученици и наставници се директно вклучени во активностите преку<br><br>изработка и поделување на флаери на годишно ниво.<br><br>Изработени и поставени постери на годишно ниво.<br><br>Реализација на 2 работилници на годишно ниво во кои ќе бидат опфатени сите ученици | Директор Тим за следење на годишната програма | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Еколошки активности и собирни акции | | √ | √ | √ | | | √ | √ | √ | √ | | | Наставници<br><br>Стручни соработници<br><br>Ученици<br><br>родители | Заштитни ракавици<br><br>Вреќи за отпад.<br><br>Корпи за отпад<br><br>Соработка со Пакомак<br><br>Компјутер и хартија. | Чисти училници и ходници.<br><br>Чист училишен двор.<br><br>Предадени количини на пластика за рециклирање на годишно ниво | Уреден и одржуван чист внатрешен и надворешен простор<br><br>Изведени 3 собирни акции на пластика за рециклирање на годишно ниво | Директор и тимот за следење на годишната програма | | |
| | Редовна дезинфекција дезинсекција и дератизација во училиштето | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | Директор<br><br>Помошно техничка служба<br><br>Надлежна установа | Хигиенски средства<br><br>Човечки ресурси<br><br>Договори со надлежни установи<br><br>Сметки<br><br>Фактури | Набавни хигиенски средства<br><br>Извршена дезинфекција, дезинсекција и дератизација во училиштето<br><br>Чисто училиште | Почисто училиште<br><br>Задоволни ученици, наставници и родители<br><br>Набавка на поголем број на средства за хигиена<br><br>Извршени 2 дезинфекција, дезинсекција и дератизација | Директор и тимот за следење на годишната програма | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | | | | | на годишно ниво. | | | |
| Подобрување на организацијата за редовно и систематско одржување на хигиената | Промена во куќниот ред<br><br>Формирање на комисија за ревидирање на куќниот ред (ученици, родители, наставници и ненаставен кадар)<br><br>-Разговор и предлози за време на одделенски час<br><br>Дебата и предлози на Училишен Парламент<br><br>Дебата и предлози на Совет на родители<br><br>Донесување на ревидиран куќен ред | √ | √ | | | | | | | | | | | Наставници<br><br>Стручни соработници<br><br>Ученици<br><br>родители | Средбни на училишните органи.<br><br>Комјутер и хартија. | Ревидиран куќен ред донесен со согласност на училиштните органи и тела.<br><br>Подобрена хигиена. | Донесен ревидиран куќен ред со посебен акцент на правилата поврзани со хигиената.<br><br>90% од родителите се информирани за ревидираниот куќен ред<br><br>Сите ученици се информирани за ревидираниот куќен ред | Директор и тимот за следење на годишната програма | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Усвојување од Наставнички совет,<br><br>Усвојување од УО | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Подготовка на нов план за дежурства на наставници и ученици со строго определени должности | | | | | | | | | √ | √ | √ | Наставници | Човечки ресурси | Зголемена хигиена<br><br>Безбедност во ходниците и училниците.<br><br>Направени анкети за учениците | Ефикасен и ефективен распоред на дежурства во кој ќе бидат опфатени сите наставници согласно распоредот на часови и ученици од погорните одделенија | Директор и тимот за следење на годишната програма | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Обнова и унапредување на санитарни јазли | Санација на санитарните јазли | | | | | √ | | | | √ | √ | √ | √ | Директор<br><br>Помошно-технички персонал<br><br>Локална самоупр | Финансиски средства.<br><br>Јавна набавка<br><br>Сметки<br><br>Фактури<br><br>Исплата | Направени промени во санитарниот чвор. | Промена на подот, чучавци и чешми во старите тоалети. | Директор и тимот за следење на годишната програма | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Обука за членовите на УО преку која ќе ги зголемат сопствените капацитети и знаења за работата на училиштето и одговорноста на УО | Барање понуда за обука преку акредитирани провајдери и избор на најсоодветната понуда Реализација на обуката за работата на Училишниот одбор | | | | | | | | | | √ | √ | √ | членови на УО провајдер за спроведување на обука/дисеминација | Провајдер за обука/дисеминација | Списоци на учесници на обуката Училишна евиденција евиденција на Училишниот одбор | Обучени сите 7 членови на УО за различните аспекти од нивната работа<br><br>подобрени компетенции на членовите на УО | Директор и тимот за следење на годишната програма | | |
| Изработка и ревидирање на процедурите за организација на работата во училиштето (процедура за училишни политики, ревидирање на останатите) | Ажурирање и ревидирање на Кодексот на однесување со вклученост на сите чинители кои се вклучени во образовниот процес<br><br>Ревидирање на Кодексот за оценување | √ | √ | | | | | | | | | | √ | Наставници<br><br>Стручни соработници<br><br>Ученици<br><br>Родители<br><br>Помошен персонал | Средби на училишните структури<br><br>Комјутер и хартија | Ажуриран Кодекс на оценување<br><br>поквалитетно оценување кое ќе дава добра повратна информација и ќе го насочува учењето на учениците во насока на согледување и корегирање на сопствените | Формирање на група во состав – 2 ученици претставници на Училиштен парламент, 3 наставници и 1 стручен соработник<br><br>Одржани најмалку 5 средби на групата<br><br>Одржани 2 работилници со ученици (информирани ученици) и 2 со | Директор Тим за следење на годишната | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Изработка на Правилник за оддавање признанија на наставниот кадар кој перманентно внесува иновации во работата | | | | | | | | | | | | | | | слабости и подобрување на успехот<br><br>подобар успех на учениците<br><br>фер и праведно оценување | родители(информирани родители)за презентација на Кодексот на однесување<br><br>Презентација на Кодексот пред НС и Совет на родители (информирани сите членови) | | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вклученост на родителите во работата и животот на училиштето(Совет на родители, родителски средби, едневник) | Мотивирање на родителите за поголемо присуство на родителските средби преку иницирање на почести индивидуални и групни средби со родителите и организирање тематски родителски средби | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | | | | наставници<br><br>родители | записници од средбите | записници од изведените родителски средби<br><br>инструменти за следење на присуството на родителите и темите за кои е разговарано | Зголемено присуство на родителите на индивидуалните/групните родителски средби за 40 – 50% | Директор и тимот за следење на годишната програма | | |
| | Ревидирање на програмата за Совет на родители | | | | | | | | | | √ | √ | | совет на родители<br><br>родители<br><br>наставници<br><br>директор<br><br>стручна служба | средби на соодветните структури<br><br>записници | Подобрена програма за работа на советот на родители<br><br>спроведени активности по иницијатива | Зголемена ефикасност во работата на Советот на родители – (одржување на минимум еден месечен состанок, број на покренати иницијативи – минимум 3 во | | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | | училишен одбор | | на родителите<br><br>записници од одржаните средби, записници и извештаи од спроведени иницијативи и извештаи од информации споделени со други родители | една учебна година)<br><br>Пишани извештани за споделени информации со други родители | | | |
| | Вклучување на родителите во разни видови работилници на различни теми од интерес за родителите | √ | √ | √ | √ | | √ | √ | √ | √ | | | | совет на родители<br><br>родители<br><br>наставници<br><br>директор<br><br>стручна служба | материјали за работилници<br><br>стручна литература<br><br>презентации | Изработени крајни продукти од работилниците кои ќе го прикажат учеството и разбирањето на родителите за темите работени на работилниците<br><br>Список на присутни | Зголемен процент на родители кои учествуваат на организираните работилници до 50% во учебната 2026 – 2027, споредено со претходната година<br><br>Зголемен процент на родители кои сметаат дека се запознати со правата на децата до | | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | | | | | 50% споредено со претходната учебна година кога за прв пат се одржале работилници | | | |

*7.1. План за евалуација на акциските планови*

| Приоритетни подрачја за следење | Инструменти | Одговорни за следењето | Индикатори за успешност | Повратна информација |
|---|---|---|---|---|
| Поквалитетна настава и учење преку користење современи наставни средства, наставни методи и размена на искуства | Обезбедени финансиски средства<br><br>Спроведена јавна набавка.<br><br>Набавени преносни компјутери<br><br>Извештај и анализа од постигнатиот успех<br><br>Извештаи од следење на часови<br><br>Записници од одржани активи, споделени добри практики<br><br>Пополнети анкетни прашалници од 90% од наставниците<br><br>Листа на набавени различни наставни | Директор<br>Тим за следење на годишната програма, претседатели на стручни активи | Набавени лап топ (преносен компјутер) за секој наставник<br><br>Набавени 15 компјутери<br><br>Зголемен интерес за учење и подобар успех кај учениците<br><br>Користење на компјутерите од страна на наставници<br><br>Поквалитетна настава по информатика<br><br>Одржани стручни активи за споделени добри практики со користење на на ИКТ и вештачка интелигенција во наставата<br><br>Одржани стручни активи каде се става акцент на споделување на | Тимот за следење на крајот од учебната година за годишниот извештај дава информација за постигнувањата и препораки за подобрување во наредните учебни години |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | средства по одделни предмети | | искуства и добри практики<br><br>Подобрени компетенции кај 80% од наставниците<br><br>Набавени различни наставни средства по одделни предмети кои се користат во наставата | |
| Подобрување на хигиената во училиштето со посебно внимание на санитариите | Флаери<br><br>Постери<br><br>Списоци од присуства на работилници<br><br>Записници од реализирани подготвителни активности<br><br>Листа за набавни хигиенски средства<br><br>Извршена дезинфекција, дезинсекција и дератизација во училиштето | Наставници<br><br>Стручни соработници<br><br>Ученици<br><br>родители<br><br>Помошно техничка служба<br><br>Надлежна установа | Ученици и наставници се директно вклучени во активностите преку изработка и поделување на флаери и постери на годишно ниво.<br><br>Реализација на 2 работилници на годишно ниво во кои ќе бидат опфатени сите ученици<br><br>Набавка на поголем број на средства за хигиена<br><br>Извршени 2 дезинфекции, дезинсекции и дератизации на годишно ниво<br><br>Донесен ревидиран куќен ред со посебен акцент на правилата поврзани со хигиената, 90% од | Тимот за следење на крајот од учебната година за годишниот извештај дава информација за постигнувањата и препораки за подобрување вонаредните учебни години |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Ревидиран куќен ред донесен со согласност на училиштните органи и тела.<br><br>Ефикасен и ефективен распоред на дежурства во кој ќе бидат опфатени сите наставници согласно распоредот на часови и ученици<br><br>Направени промени во санитарниот чвор | | родителите и сите ученици се информирани за ревидираниот куќен ред<br><br>Безбедност во ходниците и училниците и зголемо ниво на хигиена<br><br>Променети подови, чучавци и чешми во старите тоалети. | |
| Создавање на стратегии за креирање на училишни политики | Ажуриран Кодекс на однесување<br><br>Ажуриран Кодекс на оценување<br><br>Изработен правилник за оддавање признанија на наставниот кадар кој перманентно внесува иновации во работата<br><br>Списоци на учесници на обуката.Училишна евиденција и | Директор<br><br>Наставници<br><br>Стручни соработници<br><br>Ученици<br><br>Родители<br><br>Помошен персонал<br><br>Членови на УО провајдер за спроведување на обука/дисеминација | Формирање на група во состав – 2 ученици претставници на Училиштен парламент, 3 наставници и 1 стручен соработник<br>Одржани најмалку 5 средби на групата<br>Одржани 2 работилници со ученици (информирани ученици) и 2 со родители(информирани родители)за презентација на Кодексот на однесување<br><br>Презентација на Кодексот пред НС и | Тимот за следење на крајот од учебната година за годишниот извештај дава информација за постигнувањата и препораки за подобрување во наредните учебни години |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | евиденција на Училишниот одбор<br><br>Подобрена програма за работа на советот на родители, листа од спроведени активности по иницијатива на родителите,записници од одржаните средби, записници и извештаи од спроведени иницијативи и извештаи од информации споделени со други родители<br><br>Изработени крајни продукти од работилниците кои ќе го прикажат учеството и разбирањето на родителите за темите работени на работилниците<br><br>Список на присутни | | Совет на родители (информирани сите членови)<br><br>Презентација на Кодексите пред НС и Совет на родители (информирани сите членови)<br><br>Формирање комисија за изработка на правилник<br><br>Формирање на група за изготвување процедури<br><br>Одржани средби на групата и реализирани 2 работилници со ученици и родители<br><br>Обучени сите 7 членови на УО за различните аспекти од нивната работа и подобрени компетенции на членовите на УО<br><br>Зголемена ефикасност во работата на Советот | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | на родители – (одржување на минимум еден месечен состанок, број на покренати иницијативи – минимум 3 во една учебна година)<br><br>Зголемен процент на родители кои учествуваат на организираните работилници до 50% во учебната 2026 – 2027, споредено со претходната година | |

## 8. Програми и организација на работата во основното училиште

### *8.1 Календар за организацијата и работата во основното училиште*

Календарот за работа сеуште не е објавен во Службен весник, ќе биде додаден со Анекс на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2026/27 година и ќе биде даден кон *прилог бр. 2*.

Календарот за работа е основа за определување активностите за одбележување на значајни датуми во училиштето, преку книга за соопштенија, уредување на училишниот хол, пано, уредување на содржини за ѕиден весник, организирање на прослави, приредби, хепенинзи, базари, настани од хуманитарен карактер, собирни акции, еколошки активности. Подетално во *прилогот бр.8.4 План за јавна и културна дејност.*

### *8.2 Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите*

Поделбата на одделенско раководство и на часови на наставниот кадар се дадени како *прилог бр.3* на оваа програма. Распоредот на часовите од задолжителната настава и слободните ученички активности ќе биде изработен и истакнат на прввиот училишен ден, а распоредот на часовите за дополнителна и додатна настава ќе биде изработен и истакнат до 20.09.2026 година. Тоа значи дека распоредот дополнително ќе се достави како *прилог бр.4.* на оваа програма.

### *8.3 Работа во смени*

Наставата се организира во една смена, со распореденост на учениците во вкупно 18 паралелки. Часовите започнуваат во 08:00 часот, а завршуваат во 12:40/13:25 часот. За учениците има час за прифаќање и испраќање во I, II и III одделение.

### *8.4 Јазик/ јазици на кој/ кои се изведува наставата*

| | **Наставен јазик-македонски** | **Наставен јазик-албански** | **Наставен јазик-турски** | **Наставен јазик-српски** |
|---|---|---|---|---|
| **Број на паралелки** | **18** | **/** | **/** | **/** |
| **Број на ученици** | **438** | **/** | **/** | **/** |
| **Број на наставници** | **33** | **/** | **/** | **/** |

### *8.5 Проширена програма*

Во училиштето се организира и продолжен престој за учениците согласно барањата на учениците и родителите. (*Програма за продолжен престој, прилог бр*. 1.20). Наставник кој ќе го води продолжниот престој во учебната 2026/2027 е Јагода Кузевска и Кристина Ристовска. Исто така, организирано е прифаќање на учениците еден час пред и после завршување на наставата.

### *8.6 Комбинирани паралелки*

Во училиштето нема комбинирани паралелки.

### *8.7 Странски јазици што се изучуваат во основното училиште*

Задолжителен странски јазик е англиски јазик кој се изучува од прво до деветто одделение во сите 18 паралелки. Втор задолжителен странски јазик во училиштето е француски јазик кој се изучува од шесто до деветто одделение во 8 паралелки. Оваа настава е задолжителна.

### *8.8 Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение*

Училиштето има обезбедено и овозможено реализација на наставата по физичко и здравствено образование во прво, второ, трето, четврто и петто одделение да се изведува со тандем наставници во 10 паралелки. Тандем настава ќе реализираат следниве наставници: Дарко Крстаноски (наст. по физичко образование) и Милица Николиќ (наставници по физичко образование) со наставничките од одделенска настава: Јелена Василковска, Емилија Цепевска, Валентина Грујоска, Вера Костовска, Даниела Сарафимова, Марија Л. Ѓоргиевска, Моника Илијевска, Валентина Ампова, Татјана Контрадјук и Валентина Богоевска (одделенски наставници).

### *8.9 Изборна настава*

Со изборните предмети на учениците им се дава можност да ги проширувааат и продлабочуваат знаењата и да ги развиваат своите индивидуални способности по одделни наставни предмети. Оваа настава е задолжителна, а учениците се изјаснија на направената анкета за интерес и со согласност на родителите. Изборот на изборните предмети ќе се реализира во август.

### *8.10 Дополнителна настава*

Се организира за ученици кои покажуваат континуирано слаби резултати во учењето, кои се соочуваат со повремени тешкотии, кои побавно напредуваат или заостануваат во усвојувањето на поедини наставни содржини, имаат повеќе од две слаби оцени, од поедини наставни предмети и по барање на ученикот или родителот/старателот. За успешно реализирање на дополнителната настава неопходно е целосно и континуирано следење и вреднување на успехот и напредокот на секој ученик, како и поставување точна и навремена дијагноза за неговите развојни особености и потреби, постигнувања и заостанувања, предности и слабости. Со дополнителната настава наставникот ќе создава атмосфера каде нема да има страв од слаба оценка,

одбојност и непријатни чувства. Отсуствата од дополнителната настава се бележат со неоправдани изостаноци и за тоа ќе се известува родител.

До 20-ти септември ќе биде изработен  распоред за дополнителна настава кој во текот на учебната година, согласно потребите се менува, а учениците се ротираат по предмети. Бројот на часовите по дополнителната настава за предметите се зголемува согласно постигнатиот послаб успех по дадениот предмет. *Програмата за дополнителна настава* е дадена во *прилог бр 5.*

### *8.11 Додатна настава*

Се организира кај ученици со особена надареност и талентираност по одделни наставни предмети, како и рано откривање на талентирани ученици. Со оваа настава во училиштето ќе се овозможи учениците да се стимулираат за учество на натпревари, а се организира во слободното време на учениците, според нивните потреби и интереси со одредени програмски содржини и во зависност од кадровските и другите услови во училиштето.

Училиштето до 20-ти септември ќе изработи распоред за додатна настава. *Програмата за додатна настава* е дадена во *прилог бр.6.*

### *8.12 Работа со надарени и талентирани ученици*

Овие ученици се опфатени преку реализацијата на програмите за додатна настава и слободните ученички активности. Оваа учебна година училиштето ќе продолжи со идентификацијата и работата со надарените и талентирани ученици, како заедничка иницијатива на стручната служба и наставниците во училиштето.

По завршувањето на училишните натпревари кои ќе се одржат во месец октомври ќе се идентификуваат надарените и талентираните ученици за кои соодветните наставници дополнително ќе изготват програма за работа со истите.

### *8.13 Работа со ученици со посебни образовни потреби*

За ученици со посебни образовни потреби во училиштето се идентификуваат оние ученици за кои родителите донеле соодветна потврда од соодветна институција за нивната попреченост. За нив на почетокот од учебната година до 30 септември тимски се изработуваат индивидуални образовни планови или модифицирана рограма. Во изработката на истите учествуваат стручните соработници заедно со наставниците кои работат со тие ученици, родителите и самите ученици согласно нивниот

капацитет. Овие програми се реализираат истовремено со редовните програми и во дополнителната настава, а ги реализираат наставниците во консултации со стручните соработници.

Со останатите ученици кои немаат таков документ, а кои имаат тешкотии при совладувањето на наставните содржини се работи индивидуализирано и се планираат активности во рамките на дневните планирања и програмите за дополнителната настава.

Во текот на оваа учебна година ќе бидат ангажирани образовни асистенти за потребите на учениците со ПОП врз основа на мислењето од страна на Стручното тело за функционална проценка по МКФ, во соработка со РЦОУ „д-р Златан Сремац".

### *8.14 Туторска поддршка на учениците*

Во училиштето немаме ученици кои се вклучени во оваа програма.

### *8.15. План на образовниот медијатор*

Во училиштето немаме ученици кои се вклучени во оваа програма.

## 9. Воннаставни активности

### *9.1 Училишен спорт*

Училишните спортови кои се организираат во рамките на училиштето се голем фудбал, мал фудбал, кошарка, одбојка , пинг понг, шах, тенис, атлетика. Главната цел на активностите на општинските лиги во училишниот спорт е насочена кон практикувањето на спортот како игра која ќе бидат прилагодена кон возраста и потребите на учесниците во неа, во која покрај поттикнување на натпреварувачкиот дух кај децата ќе биде насочена и кон дружењето, запознавањето на ученици од други училишта и средини во државата, развивање на колективниот дух како пример за функционирање во заедница и на чувството на фер-плеј како еден од основните принципи на животот во заедницата.

## 9.2 *Секции и слободни ученички активности*

На почетокот на учебната година преку анкетни листови и презентација на секциите и на слободите активности учениците ќе одберат во која секција ќе членуваат, а одговорните наставници дополнително ќе бидат определени на ниво на актив. Секој ученик има право да одбере најмногу две од секциите во кои ќе учествува. Потоа истите ги посетува со по еден час или активност во текот на неделата согласно однапред определен распоред. Оваа учебна година на учениците ќе им бидат понудени следниве секции во *прилог бр.8.1.*

## 9.3. *Акции*

Училиштето планира активности преку кои се реализираат заеднички акции од најразличен карактер: општествено-корисни, хуманитарни, еколошки и културни во кои се вклучени голем број ученици, наставници, како и родители и други субјекти од заедницата.

Плановите во кои може да се види подетално кои се акции ќе се организираат во училиштето се во следниве прилози:

- План за општествено-корисна и хуманитарна работа – прилог бр. 8.2.
- План за еколошки активности – прилог бр. 8.3.
- План за јавна и културна дејност – прилог бр. 8.4.
- План за одбележување на значајни датуми ( патронен празник, денот на општината) – прилог бр. 8.5

## 10. Ученичко организирање и учество

За организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште, учениците се организираат во заедница на паралелка и ученички парламент. Во паралелката учениците под раководство на одделенските раководители по демократски пат избираат претседател, заменик и благајник. Претседателот или заменик претседателот потоа е дел од ученичкиот парламент. Годишната програма за работа на зедницата на паралелката е во *прилог бр. 1.15* од оваа програма. Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите и/или потпретседателите на заедниците на паралелките. Ученичкиот парламент: активно учествува во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците, го промовира ученичкиот активизам, учествува во активности за обезбедување врсничка поддршка на учениците со посебни образовни потреби, во реализација на наставата и воннаставните активности, учествува во подготовката на годишната програма за работа, дава предлог активности за годишните програми за екскурзии, дава предлози за воннаставни активности на училиштето, учествува во евалуацијата на работата на училиштето, преку свои претставници учествува во советот на родители и наставничкиот совет

и организира и учествуваат во хуманитарни активности, еколошки активности и општествено корисна работа. Претседателот на ученичкиот парламент се избира со мнозинство гласови од вкупниот број на претставници од претседателите на заедниците на паралелките по пат на тајно гласање. Годишната програма за работа на ученичкиот парламент е дел од оваа програма како прилог бр. 1.16. Ученичкиот правобранител се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето. Ученичкиот правобранител се избира со мнозинство гласови од учениците од седмо до деветто одделение, по пат на тајно гласање. Годишната програма за работа на ученичкиот правобранител е дел од оваа програма како *прилог бр.1.17*.

## 11. Вонучилишни активности

### *11.1 Екскурзии, излети и настава во природа*

Кои екскурзии, излети и посети ќе се реализираат и со кои одделенија е претставено во посебен план за организација и реализација на истите кој е дел од оваа програма заедно со Планот за посети надвор од училиштето како *прилози 9.1 и 9.2.*

Тимовите за изработка на посебните програми за екскурзиите и настава во природа се составени од наставниците кои ќе ја водат истата екскурзија и овие програми се дел од годишнава програма. Изготвени се согласно процедурите од Правилникот за организирање на овие активности.

### *11.2 Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности*

Немаме такви податоци бидејќи учебната година во овие училишта/клубови (основно музичко училиште, спортски клуб, друштва) се уште не е започната. Списокот дополнително ќе се достави како *прилог бр.4* на оваа програма.

## 12. Ученички натпревари

Со цел зголемување на интересот за самодокажување и афирмирање на знаењата стекнати во текот на наставата за учениците од IV до IX одделение, училиштето организира училишни натпревари. Натпреварите ќе се организираат во месец октомври. Одговорните наставници самостојно ги определуваат начинот и правилата за натпреварување, како и начинот на пријавување за натпреварите за што транспарентно и навремено ги информираат учениците. Во училиштето се изработува и протокол за реализирање на ученички натпревари. Учениците кои ќе покажат најдобри резултати на натпреварите на училишно ниво, потоа треба да го претставуваат училиштето и на натпревари од повисок ранг (општински, градски, државни натпревари), за кои ќе бидат менторирани од страна на наставниците одговорни за одделни наставни предмети. Планот за општински, регионални, државни и меѓународни ученичките натпревари кои ќе се организираат во кои ќе учествува училиштето текот на учебната 2026/2027 година е во *прилог бр.10*.

**13. Унапредување на мултикултурализмот/ интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција**

Важна компонента во воспитно-образовниот процес и во целокупниот развој на индивидуата е соживот на сите етнички групи во заедницата.

За таа цел училиштето е вклучено во Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието (ПМИО), финансиран од УСАИД и реализиран од страна на Македонскиот центар за граѓанско образование во соработка со Центарот за човекови права и разрешување конфликти.

Идејата е размена на култури, традиции, заедничко промовирање на културното наследство меѓу двете училишта преку взаемни посети на културни и образовни манифестации, празници и фестивали. Односно сакаме да бидеме промотери на еднаквоста, мирот, соживотот и толеранцијата, размена на културните и верските, како и образовните вредности.

Покрај запознавањето на различните етникуми во Македонија, учениците , нивните родители, и наставниците ќе можат да ги разбијат стереотипите кои владеат на ова поднебје, и заеднички да се придонесе за развој на мултикултурно општество, давајќи свој продонес и учество.

Наставниците и учениците ќе соработуваат преку реализација на разни наставни и воннаставни активности кои ќе бидат дадени во *прилог бр 11* на оваа програма. Ваквите активности, односно соработката ќе се остварува преку заеднички средби на наставниците и учениците, кои ќе се реализираат наизменично во двете партнерски училишта.

**14. Проекти што се реализираат во основното училиште**

Во учебната 2026/2027 продолжуваме со проектот ***Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем*** во девет еколошки теми во предметите, наставните содржини и часовите по соодветното одделение и истите се вметнати во годишните програми кај секој наставник. Со тоа се збогатуваат постоечките предмети со еколошки содржини и содржини за заштита на животната средина. Учениците, вработените и пошироката заедница добиваат знаења за конкретните акции кои ги презема училиштето за заштитата на животната средина и реализацијата на Програмата. *Прилог бр.8.3*

Исто така, оваа учебна година ќе се интегрират содржини од проектот ***Меѓуетничка интеграција*** во предметите, наставните содржини и часовите по соодветното одделение. *Прилог бр. 11*.

Освен тоа во училиштето ќе се спроведува ***Антикорупциска едукација*** како дел од истоимениот проект кој има за цел да се изработи антикорупциска програма за да се афирмира потребата од воведување на овие програми во редовната настава во образованието како фундаментален чекор кон градење активно граѓанство меѓу младите луѓе и системско менување на сегашната култура на прифаќање на корупцијата. *Прилог бр. 12.1.*

Во текот на првото полугодие од учебната 2026/2027 година, повторно ќе се спроведе ***Отворен ден за граѓанско образование*** чија намена е да се поттикне одговорноста кај учениците за состојбите и условите во училиштето и заедницата и да се зајакне нивната иницијативност за преземање активности за позитивна промена. Истовремено, активноста ќе придонесе во промоција на граѓанските вредности на ниво на целото училиште и поврзување на училиштето со пошироката заедница. *Прилог бр. 12.2.*

## 15. Поддршка на учениците

### *15.1 Постигнување на учениците*

Во текот на учебната година се следат постигањата на учениците, нивната редовност и поведение. *Прилог бр. 13.1.* Се прави анализа на успехот по предмети и по предметите по кои учениците постигнуваат послаби резултати  се организира дополнителна настава. Исто така особено внимание се посветува на учениците со посебни образовни потреби, учениците кои подолго отсуствуваат од настава, надарените и учениците со потешкотии во учењето на кои континуирана поддршка им обезбедуваат наставниците и стручната служба. Училишниот психолог континуирано реализира индивидуални и групни советувања на родители и ученици со несоодветно однесување, голем број  изостаноци и намалување на училишниот успех. Специјалниот едукатор и рехабилитатор ги детектира учениците со потешкотии и со посебни потреби, со нив реализира индивидуални вежби, поддршка и дава допринос за постигнување на целите на секој ученик планирани со индивидуалниот образовен план и за прилагодување на наставата според потребите на учениците. Исто така се идентификуваат и надарените ученици на кои преку додатната настава им се овозможува да ги проширувaат и продлабочуваат знаењата и да учествуваат на натпревари. На учениците им се овозможува своите активности да ги презентираат пред поширката општествена јавност како на пример: драмски проекти, учество во телевизиски емисии, изложби, проекти и слично.
Стручните активи во согласност со својата програма за работа, планираат реализација на  нагледни часови, вклучување во реализација на Отворен ден за Граѓанско образование и успешна реализација на приоритетите: Изработка на училишни програми и процедури и Подобрување на поддршка и вклученост на ученици и родители во активностите на училиштето. Стручната служба и стручните активи особено вниманите ќе посветат на мотивацијата на учениците, подобрување на училишниот успех и подобрување на резултатите од учењето на учениците.

### 15.2 *Професионална ориентација на учениците*

Целта на професионалната ориентација е да им се помогне на учениците да се одлучат да го продолжат своето школување и да се насочат кон занимања, кои најмногу би им одговарале на нивните психофизички особини и способности и во кое занимање ќе имаат најмногу изгледи за добра прилагоденост. Процесот на професионална ориентација е сложен процес и во себе ги содржи следниве фази: професионално информирање; професионално советување и евалуација-следење на оствареното советување. *Програмата за професионална ориентација на учениците* е дадена во *прилог бр. 13.2*.

### *15.3 Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација*

Во нашето училиште ќе се изведуваат превентивни програми за заштита на учениците од насилство, злоупотреба и занемарување, заштита на учениците при вклучување во сообраќајот веднаш по напуштање на училиштето и безбедно пристигнување до нивните домови, презентации од центарот за социјални грижи и други огранизации се со цел нашите ученици се запознаат со се повеќе информации кои ќе им помогнат полесно и безгрижно да ги минат своите почетоци во образовниот процес. *Програмата за превенција од насилно однесување* е дадена во *прилог бр. 13.3* додека *Програма за помош на ученици кои имаат емоционални потешкотии,* *Програмата за грижа на здравјето на учениците и Програма за здрава исхрана* се дадени во *прилог бр.13.4* на оваа програма.

## 16. Оценување

### *16.1 Видови оценување и календар на оценување*

Постигањата на учениците во училиштето се оценуваат описно и бројчано. Во првиот период ( I - III одд. ) се оценува описно, во вториот период ( IV – VI одд.) постигањата по задолжителните и изборните предмети се оценуваат описно и бројчано, по класификационите периоди – тромесечја и прво полугодие описно, а на крајот на учебната година оценувањето е бројчано. Учениците од третиот период ( VII – IX одд. ) се оценуваат бројчано со оценки од ( 1 ) до ( 5 ). По предметите за писмено оценување наставниците прават план имајќи ги предвид законските ограничувања (дневно најмногу по едно, а седмично по две писмени работи ).

Оценувањето на учениците се врши според критериуми и стандарди утврдени од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието. Во текот на учебната година систематски се следат, анализираат и вреднуваат постигнувањата на учениците. Тоа е континуиран процес кој секој наставник го реализира во својата секојдневна работа. Оцената е сумативна форма од целокупната активност на ученикот, од неговите писмени и усмени проверки на знаењата,

неговиот интерес за време на часот, учество во вонваставните активности и проекти, редовноста во извршувањето на домашните работи како и од следење на дополнителна литература.
За постигнувањата на учениците се прават извештаи и анализи на наставничките и одделенските совети на крајот од секој квартал. Се изработуваат статистички извештаи за успехот поведението и редовноста на учениците. Посебно се посветува внимание на напредокот и постигнувањата на учениците со посебни потреби. Се води сметка за ангажирањето на учениците во воннаставните активности како и учество на различни конкурси и натпревари. *Планот за унапредување и подобрување на оценувањето* е даден како *Прилог бр. 14* на оваа програма.

### *16.2 Тим за следење, анализа и поддршка*

Во училиштето се формира тим за следење и проверка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди, се утврдува процедура  за поплаки и жалби по добиени оцени, се утврдува начин на информирање на родителите и учениците за овие прашања.

Следењето и проверувањето ќе се реализираат преку непосредни педагошки увиди, изготвување извештаи, анкетирање, анализи, информации, периодични писмени согледувања, полугодишен и годишен извештај и слично, нивно разгледување на состаноците на стручните органи и тела и донесување заклучоци и ставови по истите.

### *16.3 Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар*

Еден значаен сегмент за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар е имањето стандардизирани објективни инструменти за мерење на нивото на тој квалитет. За таа цел, директорот и стручните соработници со изработените инструменти и дадена временска рамка за посета на часовите и воннаставните активности овозможуваат прецизен увид во работата на воспитно-образовниот кадар и даваат препораки за подобрување. Програмата е дадена во *прилог бр. 15*.

### *16.4 Самоевалуација на училиштето*

Училиштето на секои две години, согласно Законот за основно образование, спроведува самоевалуација на целокупната работа во текот на тие две години, изготвува извештај по спроведената самоевалуација по која се определуваат јаките и слабите страни и се даваат предлози за подобрување на работата. Последната самоевалуација е изработена април-јуни 2025 година. *Прилог бр. 15.1.*

## 17. Безбедност во училиштето

Мерки за заштита и спасување кои треба да се превземат пред настанување на пожар се: одржување на сите уреди, инсталации и постројки вградени во објектот (електрични, грејни, громобрански). Редовно одржување во исправна и функционална состојба на уредите, инсталациите, техничката опрема и средствата за гаснење на пожар (протвпожарни апарати, внатрешна и надворешна хидрантска мрежа.) Запознавање на вработените со причините за настанување на пожар, превентивните мерки за заштита од пожар и практична примена на уредите, инсталациите и средствата за заштита и гаснење на пожар (ПП-апарти, хидрантски приклучоци и др.) Проверка на знаењето на вработените за практична примена на уредите, инсталациите и средствата за заштита од пожар и гаснење на пожар. *Прилог бр.16.*

Нашето училиште е опремено со ПП-апарати и истите се поставени на видливо место доколку дојде до несакана ситуација и за истите има обележано патокази за побрзо дејствување на учениците и вработените во институцијата.

Училиштето има изработено план за евакуација на училиштето при елементарни непогоди, во кој секој од вработените има своја улога и задолженија. Скиците за евакуација се прегледно нацртани и поставени на видни места во холовите на училиштето. Со истите се запознаваат и учениците и повремено се симулира начинот на евакуација од училиштето.

Училиштето има инсталирано видео надзор, а соработува со полициската станица во Ѓорче Петров и Агенција за обезбедување MDN .

- ***Позитивна социо- емоционална клима***

Се планираат содржини за ранлива група на ученици за кои препорака дава одделенскиот раководител, одделенскиот совет, стручната служба, во соработка со родителите и истите се прилагодени на возраста, интелектуалниот и емоционалниот статус на учениците. Се планираат и интерактивни работилници за родителите на учениците кои се вклучени во оваа програма, кои се реализираат од страна на стручната служба во училиштето. Училиштето организира и еколошки акции и кампањи кои се организираат како дел од еколошката програма во текот на учебната година. *Прилог бр. 8.*

Целта е да се обезбеди почитување на личноста- негување на слободата за изразување, остварување на правото на барање, примање и давање информации, интерактивен однос, меѓусебна доверба, почитување на мислењата на сите; еднаквост и правичност – еднакво и без предрасуди однесување кон учениците, родителите, достапност на информации за сите.

Училиштето има изработено и применува процедура за помош на ученици со емоционални потешкотии. *Прилог бр. 13.4.*

## 18. Грижа за здравјето

### *18.1 Хигиена во училиштето*

Хигиената во училиштето и училишниот двор ја одржуваат 4 хигиеничари. Училиштето преку советодавна работа, училишни акции, предавања, работилници и слично ја поттикнува свеста кај учениците за одржување на хигиената. Дежурните наставници за време на одморите, а сите други за време на часовите се грижат и интервенираат во однос на хигиената во училиштето и училишниот двор

### *18.2 Систематски прегледи*

Училиштето во соработка со поликлиника Ѓорче Петров организира непречено спроведување на систематски прегледи и вакцинации на учениците според календар за имунизација.

Задолжителни систематски прегледи се вршат во 1-во, 3-то, 5-то, 7-мо одделение.

### *18.3 Вакцинирање*

Вакцинирањето се врши во Здравствениот дом, а се опфатени учениците на возраст од:

- 6 години (I одделение) Мали сипаници, рубеола, заразни заушки (1 доза) - I ревакцинирање
- 7 години (II одделение ) Туберкулоза ( со тестирање ) ( 1 доза )
- Детска парализа ( 1 доза ) ; дифтерија, тетанус ( 1 доза ) - I ревакцинирање; II ревакцинирање; III ревакцинирање12 години, 2 и 6 месеци после првата доза ( VI одделение ); Инфекции со хуман папилома вирус ( HPV) ( само за девојчиња) ( 3 дози ) - вакцинирање
- 14 години ( завршна година на основно училиште ) Рубеола ( само девојчиња ) ( 1 II ревакционирање доза ); Детска парализа ( 1 доза ) ; Дифтерија, тетанус ( доза ); III ревакцинирање; IV ревакцинирање

Одговорни лица од училиштето се директорот ( кој договара за времето на реализација ) и одделенскиот раководител Наведените активности ќе се реализираат според програма за грижа за здравјето на учениците:

### *18.4 Едукација за здрава исхрана*

Свеста за важноста од здравата исхрана како важен фактор за здравјето на учениците се поттикнува преку предавања кои ги организира училиштето, работилници и индивидуални совети за учениците. Се реализираат и активности од кампањата „Здрава храна за детство без маана“. *Прилог бр.* 13.4

## 19. Училишна клима и односи во училиштето

### *19.1 Дисциплина*

Дисциплината во училиштето го опфаќа меѓусебниот однос на сите субјекти во воспитно - образовниот процес (ученици, наставници, персонал), како и односот на секој од нив поединечно кон материјалните добра и училишниот имот. Таа е пропишана и се реализира според повеќе правни акти како: правила за однесување на учениците, куќниот ред на училиштето, интерни правила за педагошки мерки, распоред на дежурства на наставниот кадар и распоред на дежурства на ученици во училиштето. Во нив детално се разработени правилата на однесување на секој од гореспоменатите субјекти, како и санкциите во случај на прекршување на утврдените правила. *Прилог. Бр. 17.1.*

### *19.2 Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето*

Сите вработени во училиштето се задолжени да придонесуваат за уредувањето на истото, се со цел негова подобра функционалност и удобност. Наставниците допринесуваат за естетското и функционалното уредување на училиштето со свои изработки, проекти и презентации и секако со континуирано поттикнување на учениците за истото. Во училиштето се организираат разновидни настани чија реализација напоредно бара соодветно уредување. *Прилог бр. 17.2.*

### *19.3 Етички кодекси*

Училиштето во рамките на своето работење има изготвено Етички кодекс за однесување на наставниците, Етички кодекс за однесување на учениците, и Етички кодекс за однесување на родителите, а некои од начелата за етички кодекс на вработените во училиштето опфатени се и во рамките на одредбите од куќниот ред на училиштето, како и ЕКО – кодекс. Со истите се запознаени сите структури во училиштето а секоја учебна година истите се ревидираат и се внесува некоја новина. *Прилог бр. 22*.

### *19.4 Односи меѓу сите структури*

За подобрување на комуникацијата во училиштето се формира тим кој ќе направи анализа на критичните точки во комуникацијата. За подобрување на училишната клима и односите во училиштето може да се организираат заеднички состаноци, работилници, дебати, предавања, на кои ќе се разгледуваат слабостите во комуникацијата. Во тимот ќе бидат опфатени сите структури во училиштето.

## 20 Професионален развој на образовниот кадар

### *20.1 Детектирање на потребите и приоритетите*

Врз основа на самоевалуацијата, интегралните евалуации и новините и насоките дадени од Министерството и основачот, се утврдуваат и наведуваат потребите и приоритетите кои произлегуваат од детектираните состојби во однос на потребите за професионален развој. Врз основа на нив се изработува планот за професионален развој за тековната учебна година, а потоа врз основа на него и програмите за работа на стручните активи. Планот и програмите се дел од Годишната програма како *прилог бр.18 .*

Во нашето училиште постои Тим за професионален развој на наставниците во состав директор, стручна служба, претседатели на активи, претставници на УО (неговиот претседател и еден родител).

### *20.2 Активности за професионален развој*

1. Изработка на акциони планови за сите облици на професионален развој
- Обуки од секаков облик
- Семинари (во училиштето и надвор од него)
- Работилници на најразлични теми поттикнати од потребите на наставниците заради одредени констатирани пропусти

2. Задолжителна дисеминација

3. Задолжително изработка на извештаи пропратени со евалуација на секој облик од каде ќе произлегуваат и наредните облици на професионален развој

***20.3 Личен професионален развој***

Секој наставник е задолжен за водење на сопствено професионално досие за чија контрола задолжени се директорот, стручните соработници, инспекторите од ДПИ, општинскиот просветен инспектор.
Секој наставник треба да е мотивиран за постојано посетување на разни семинари, обуки, конференции, регионални средби заради стекнување на нови искуства, сертификати.
Секој наставник пред почетокот на секоја година има изработено сопствен план за професионален развој.

***20.4 Хоризонтално учење***

Се планираат различни видови на организирање и пренесување на знаењата или размена на професионално искуство, преку стручните активи, организирање на отворени часови, работилници, дебати и сл. Стручното усовршување и професионалниот развој на образовниот кадар ќе опфати оспособување на наставниците за реализација на новите програмски содржини кои доаѓаат како резултат на општествените промени, новите научни достигнувања, новите планови и програми од прво до деветто одделение и сл.

Оваа учебна година во одделенска настава отворените часови ќе бидат со сознанијата од обуките за јазична и математичка писменост со цел унапредување на наставата по македонски јазик и математика и интегрирање на содржините како и од обуките за новата концепција за основно образование. Во предметна настава отворените часови ќе бидат со примена на проекти во наставата, со интегрирани предмети и содржини, индивидуализирана настава и оценување, користење на дигитални содржини во наставата.

### *20.5 Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар*

Училиштето изготвува акциски план за професионален развој со планирани активности, носители на тие активности, време на реализација, очекувани исходи, начин на следење, критериуми за успех, кој е дел од оваа програма како *прилог бр.18.*

- ***Тимска работа и училишна клима***

Меѓусебната соработка и почитување играат важна улога во функционирањето на училиштето. Во таа насока училиштето предвидува начини и форми за поттикнување на взаемната соработка помеѓу наставниците. Тука акцент се става на отворената комуникација, почитување на поединечни мислења како и критичноста и самокритичноста.

Стручните активи во училиштето (одделенска и предметна) веќе го имаат усвоено начинот на тимска работа. Состаноците се во форма на размена на мислења, искуства, идеи и предлози за подобрување на работата. Комуникацијата и соработката во рамките на активите е отворена и се почитува мислењето од секој.

## 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

Соработката со родителите е континуирана. Наставниците одржуваат индивидуални средби со родителите по потреба, како и редовни родителски средби со цел подобрување на училишниот успех, однесувањето и редовноста на учениците.
Соработката со родителите е континуирана истата се остварува со физичко присуство.
Во учебната 2026 /2027 година, заради остварување на заеднички интереси на родителите на учениците и училиштето и оваа учебна година е предвидена и се реализира соработка меѓу родителите и училиштето по програма која е дадена како *прилог бр.19*.

### *21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето*

Во училиштето успешно функционира Советот на родители кој редовно се собира еднаш месечно. Составен е од родители од сите паралелки во училиштето. Работи согласно својата програма за работа (дел од оваа програма како прилог) во која се планираат активности за соработка со училиштето и заедничко решавање на проблемите. Во програмата за работа се планира детектирање на состојбите во училиштето од типот на дефекти и поправки на инвентарот и подобрување на условите за работа, идејни планови за организација на активности во училиштето, учество на родителите во донесување на решенија и одлуки во интерес на сите субјекти во училиште и реализација на истите. Исто така Советот на родители ги

поттикнува родителите да учествуваат во донесување решенија и одлуки во интерес на сите субјекти во училиштето и реализација на истите. *Прилог бр. 1.7.*

### *21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности*

Родителите постојано и континуирано непосредно се вклучуваат во училиштето во секој сегмент, па и во учењето. Преку родителските средби, индивидуални средби, состаноците со Советот на родители и Училишниот одбор редовно се информираат за наставниот процес од страна на директорот, наставниците, стручната служба и од нивните деца.
Во програмите за соработка со родителите од одделенските раководители и во програмите од стручната служба предвидена е соработка и поддршка од родителите за олеснување на работата со ученици со потешкотии во развој и за напредување на учениците–таленти. Предвидена е и соработка и помош од родителите во прибирање на дидактички матерјали, помагала и други наставни средства и материјали. Вклучени се и при професионалната ориентација на учениците.

- ***Во активностите во училиштето***

Училиштето организира едукативни работилници за родители, типизирани предавања и третирање на теми преку соопштенија, флаери, плакети и брошури. Организира советодавно-консултативни работилници-индивидуални и групни, посета на семејства и др.

Советот на родители, а и родителите на родителските средби постојано учествуваат со свои предлози и иницијативи за воннаставните активности. Постојано се известувани и самостојно одлучуваат при организирањето на екскурзиите во однос на програмата за реализација на екскурзијата: релацијата, цената, агенцијата.
Редовно учествуваат во еколошките акции, општествено – хуманитарните активности и приредбите како непосредни учесници, помагатели и подржувачи.

- ***Во донесување одлуки***

Родителите се вклучени и партиципацираат при давање на идеи, предлози и донесување на одлуки, преку Совет на родители, родителските средби и Училишниот одбор.

### *21.3. Едукација на родителите/старателите*

Училиштето редовно ги известува и едуцира родителите преку соопштенија, брошури, веб страната на училиштето.

Стручната служба секојдневно обавува советодавно – консултативни разговори со родителите, а преку советодавната работа со родителите наменски и со целна група врши едукација на родителите од учениците кои имаат слаб успех, кои имаат голем број изостаноци и кои покажуваат асоцијално однесување.

- ***Изработка на брошура за родители***

Пред почетокот на учебната година училиштето формира тим за подготовка и реализација на брошурата, се подготвува и печати и се дели на родителите на првата општа родителска средба.

## 22. Комуникација со јавноста и промоција на училиштето

- ***Локална заедница*** (локална самоуправа, бизнис заедница, местно население)

Училиштето е во секојдневна пишана, електронска и лична комуникација со претставници од локалната самоуправа во вид на состаноци, неформални и формални средби.

Наставниците во своите програми конкретно планираат соработка со локалната заедница преку посети на институции и фирми, преку собири, акции и прослави во училиштето. *Прилог бр. 20.*

На веб страната на општината и во локалните медиуми се промовираат постигнатите резултати, на проектите и слично.

Со општината се соработува и во однос на реализацијата на еколошката програма на локално ниво со потпишување на Меморандум за соработка.

- ***Институции од областа на образованието и културата***

Оваа дејност се остварува преку соработка со: основните училишта од општината и градот, средни училишта во врска со професионалната ориентација како и за повратни информации за наши ученици запишани во соодветните училишта.

Задолжително се планирани конкурси и натпревари организирани од МОН, БРО, ДПИ, Сектор за основно образование, на кои учениците ќе земат активно учество и тоа на: литературни и ликовни конкурси, општински и регионални натпревари, државни натпревари, меѓународни натпревари, изложби, посета на културно-историски споменици, библиотеката во нашата општина, ликовни колонии, Дом на култура и сл.

- ***Невладини организации***

Училиштето остварува соработка со Црвениот крст на Р.Македонија, со Детската амбасада „Меѓаши“, и преку проектот за имплементација на еколошката едукација во образовниот систем со невладината ОХО. Училиштето не предвидува ваква соработка однапред, но прифаќа соработка и со други невладини организации во интерес на едукација и содржини интересни за учениците. Доколку се создадат услови за тоа, истата дополнително ќе се планира.

- ***Спортски друштва***

Со цел да се афирмира спортот меѓу младите, нашето училиште соработува со голем број спортски друштва, невладината организација Open Fun Football, Училишен спорт на град Скопје.

- ***Здравствени организации***

Поради важноста, училиштето воспоставува и одржува редовна соработка со здравствените организации заради грижа за здравјето и безбедноста на учениците и вработените: локалните амбуланти, Поликлиника Ѓорче Петров (систематски прегледи, стоматолози и имунизација), Завод за ментално здравје ”Младост” , Центар за рехабилитација на слух, говор и глас, Стручно тело  за функционална проценка по МКФ и др.

- ***Медиуми***

Како и секое современо училиште, така и нашето училиште има потреба од афирмација на неговата работа и постигнати резултати во соработка со медиумите. На овој начин, со цел промоција на училиштето се соработува  со МРТ со активно учество во училишната програма Ѕвон во текот на  целата учебна година. Позначајните настани и активности се презентираат на  локални ТВ станици.
Лице за контакт со медиуми од училиштето е директорката Јулијана Максимовска и наставниците од одделенска настава, со задача да да го претставуваат училиштето и училишните активности пред јавноста, да организира настани и активности од еколошката програма и нивна промоција пред медиумите и јавноста, да ги координира активностите за известувања, соопштенија и промоција на училиштето.

Се врши промоција на настани, активности и се разменуваат информации преку веб страницата на училиштетоhttp://ооу-тихомирмилошевски-скопје.мкд/ и блог страната на училиштето http://outihomirmilosevski.blogspot.mk/ како и преку страницата на социјалната мрежа facebook.

**23. Инструмент за подготовка, следење и евалвација на програмите**

| Подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорно/ни лице/а | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| Планирање, настава и учење:<br>1.1 Планирања на наставниците<br>1.2 Наставен процес<br>1.3 Искуства на учениците од учењето<br>1.4 Оценувањето како дел од наставата<br>1.5 Воннаставни активности и натпревари | Увид во работата на наставниците<br>-увид во постигањата на учениците<br>- протоколи за следење на часови<br>- дискусии<br>- прашалници<br>-записници<br>- извештаи<br><br>Континуирано | Комисија за следење и евалуација на Годишната програма за работа | Наставнички совет, Совет на родители, Училишен одбор, Совет на општина |
| Постигања на учениците:<br>2.1 Постигања на учениците | Следење на календарот на оценување; увид и следење на објективноста и транспарентноста на оценувањето; споредбени анализи на постигањата,<br>напредокот, успехот, редовноста и поведението на учениците по предмети, | | Наставнички совет, Совет на родители, Училишен одбор, Совет на општина |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2.2 Мерки за подобрување на постигањата | одделенија и на ниво на училиштето. Записници од одделенски и наставнички совети, извештаи<br>На крајот на класификациските периоди. Континуирано и по потреба. | | |
| Училишна клима и односи во училиштето<br>3.1 Училишна клима<br>3.2 Еднаквост и правичност<br>3.3 Партнерски однос со заедницата<br>3.4 Севкупна грижа за учениците | Следење на односите меѓу сите структури во училиштето, почитување на етичките кодекси.<br>Увид и поддршка во реализација на акциите, проектите, хуманитарните акции и Хепенинзи<br>Континуирано | | Наставнички совет, Совет на родители, Училишен одбор, Совет на општина |
| Управување, раководење и креирање политики:<br>4.1 Управување и раководење со училиштето<br>4.2 Цели и креирање на училишната политика | увид во записници од состаноци, реализација на одлуките на органите на управување, самоевалуација на менаџерскиот тим и анкети за професионално задоволство на кадарот<br>Се анализира ефикасноста во донесувањето одлуки и транспарентноста на процесите<br>компаративна анализа меѓу зацртаните стратешки цели (од Развојната и Годишната програма) и реално постигнатите резултати<br>Се следи степенот на инклузивност при креирањето на политиките (дали се вклучени сите засегнати страни) и усогласеноста со законските регулативи (биро за развој на образованието, министерство).<br>Континуирано | | Наставнички совет, Совет на родители, Училишен одбор, Совет на општина |

## 24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

Евалуацијата на реализацијата на Годишната програма за работа на ООУ „Тихомир Милошевски“ од 2026-2027 година ќе ја врши Тимот кој е надлежен и за следење на реализацијата на Годишната програма за работа, а за истото ќе го запознае Училишниот одбор преку извештај на крајот од учебната година.

Следењето на имплементацијата ќе се врши во текот на целата учебна година, а извештајот ќе се доставува на крајот од учебната година преку заклучоци и дадени препораки.

Евалуацијата ќе се врши преку:
- увид во работата на наставниците
- увид во соработката со родителите
- увид во постигањата на учениците
- увид во состојбата
- протоколи за следење на часови и активности
- дискусии
- прашалници
- записници
- извештаи.

## 25. Заклучок

Со цел изработување на годишната програма на ООУ „Тихомир Милошевски“, се пристапи кон разгледување на извештајот за работа на училиштето од претходната година, од спроведената самоевалуација во училиштето во перодот од 2024/2025 година, приоритетите одделени за оваа учебна година во Развојната програма, резултатите од последната интегрална евалуација од страна на ДПИ.

При изработката на оваа програма целосно се имплементираше новиот правилник за изработка на годишна програма во основото училиште.

За изработката на дел од програмата кои беа покриени со акциски планови како прилози, а бараше поголемо и заедничко ангажирање училиштето формираше посебни тимови и/или комисии кои ги изработија и доставија до Комисијата за изработка на годишната програма.

Потоа Комисијата ги разгледа сите доставени материјали, анализи, извештаи и слично и ја состави оваа програма.

Предлог годишната програма за работа на училиштето ќе биде дадена на разгледување на наставничкиот совет, советот на родители и училиштниот одбор, а потоа со сите останати забелешки ќе се испрати на усвојување кај основачот.

**26. Користена литература**


- Закон за основно образование
- Закон за наставници и стручни соработници
- Закон за работни односи
- Закон за јавни набавки
- Законот за организација и работата на органите на државната управа
- Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште
- Статут на училиштето
- Стратегијата за образование 2018 – 2025
- Наставен план за основно образование 2026/2027
- Годишни програми на училиштето од претходните четири години
- Извештаи за работата на училиштето од претходните четири години
- Извештај од интегралната евалуација на училиштето во 2025 година
- Самоевалуација на училиштето за периодот од 2024-2025 година
- Програма за развој 2025-2029

**ТИМ КОЈ УЧЕСТВУВАЛ ВО ИЗРАБОТКАТА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА**

***АНКИЦА СПАСОВА***

***ИРЕНА МИРЧЕСКА***

***ВЕРЧЕ МАНЕВСКА СТЕФАНОВА***

***ВАЛЕНТИНА БРЊАРЧЕВСКА***

***МАРИЈА ЛАВЧИСКА- ЃОРГИЕВСКА***

***ВАНГЕЛКА ГРУЈОСКА***

**ДАТУМ**
**01.07.2026**

**ПОТПИС НА ДИРЕКТОР**

**м-р ЈУЛИЈАНА МАКСИМОВСКА**

**МЕСТО**
**Скопје**

**ПОТПИС НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УЧИЛИШЕН ОДБОР**

**------------------------------------------------------------------------**

**ЕМИЛИЈА ДУКОВСКА**

***Прилози:***

*1. Годишни програми*
*1.1. Годишна програма за работа на директорот на училиштето*
*1.2. Годишна програма за работа на педагогот*
*1.3. Годишна програма за работа на психологот*
*1.4. Годишна програма за работа на библиотекарот*
*1.5. Годишна програма за работа на специјалниот едукатор и рехабилитатор*
*1.6. Годишна програма за работа на училишниот одбор*
*1.7. Годишна програма за работа на советот на родители*
*1.8. Годишна програма за работа на наставничкиот совет*
*1.9. Годишна програма за работа на одделенските совети*
*1.10. Годишна програма за работа на стручниот актив – одделенска*
*1.11. Годишна програма за работа на стручниот актив – предметна (природни и општествени науки)*
*1.12. Годишна програма за работа на училишниот инклузивен тим*
*1.13. Годишна програма за работа на училишниот хор*
*1.14. Годишна програма за работа на училишниот оркестар*
*1.15. Годишна програма за работа на зедницата на паралелката*
*1.16. Годишна програма за работа на ученичкиот парламент*
*1.17. Годишна програма за работа на ученичкиот правобранител*
*1.18. Годишна програма за работа на детската организација*
*1.19. Годишна програма за работа на ПЦК*
*1.20. Годишна програма за работа на продолжен престој*
*2. Календар за работата на училиштето во учебната 2026/2027 година*
*3. Поделба на одделенско раководство и часови на наставници*
*4. Организација на часовите - распоред на наставата во време и смени*
*5. Програма за дополнителна настава*
*6. Програма за додатна настава*
*7. План за работа со надарени и талентирани ученици*
*8. Програми за вонnаставни активности*
*8.1. Програма за работа на секциите и/или клубовите во училиштето*

*8.2. План за општествено-корисна и хуманитарна работа*
*8.3. План за еколошки активности*
*8.4. План за јавна и културна дејност*
*8.5. План за одбележување на значајни датуми*
*9. Програми за вонучилишни активности*
*9.1. План за реализација на екскурзии и излети*
*9.2. План за реализација на посети*
*9.3. Ученици кои посетуваат вонучилишни активности (ќе биде дополнително доставен)*
*10. Програма за реализација на ученички натпревари*
*11. Програма за унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничка интеграција*
*12. Проекти што се реализираат во основното училиште*
*Акциони планови за реализација на сите проекти во училиштето и акциски истражувања*
*12.1 Антикорупциска едукација на учениците*
*12.2 Отворен ден по граѓанско образование*
*13. Програми за поддршка на учениците*
*13.1. План за подобрување на постигањата на учениците*
*13.2. Програма за професионална ориентација на учениците*
*13.3. Програма за превенција од насилно однесување*
*13.4. Програма за унапредување и подобрување на менталното и физичкото здравје*
*14. План за унапредување и подобрување на оценувањето*
*15. План за стручни посети и следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар*
*15.1 План за самоевалуација на училиштето*
*16. Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди (Програмата за лична и колективна заштита и безбедност)*
*16.1 Програма за обучување за самозаштита*
*16.2. Програма за заштита од насилство, злоупотреба и запуштање на ученици со и без попреченост, програма за спречување дискриминација и програма за превенција од злоупотреба на алкохол и тутун, злоупотреба на дроги и други психотропни супстанции, учество во игри на среќа и малолетничка деликвенција*
*17. Програми за подобрување на училишната клима*
*17.1. План за подобрување на дисциплината*

*17.2. План за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето*
*18. Програма за професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар*
*19. Програма за соработка на основното училиште со родителите/старателите*
*20. Програма за соработка со локалната средина и локалната заедница*
*21. Распоред на часови задолжителна настава, дополнителна, додатна, секции и држурни наставници (ќе биде дополнително доставен)*
*22. Правилник за однесување на ученици, наставници и родители (во училиштето и училишниот двор)*
*23. Програма за следење и евалуација на годишната програма за работа*